26. Maj

## Oskar Salas Quartet



OSKAR SALAS има турнеи и снимки со некои од врвните имиња во поп и џез музиката, како David Byrne, Jaco Pastorious, Arturo Sandoval, Eartha Kitt, Marlena Shaw, Paul Barrere, George Porter jr T Lavitz ( Ira Sullivan, Nestor Torres, Willy , Jose Luis Rodriguez (EL Puma), Celia Cruz, La Lupe, Nil Lara, Angela Carrasco, Ednita Nazario,Carmen Lundy, U OF M Jazz Band, Brecker Brothers, Carlos (Patato) Valdez, Israel Lopez (Cachao),Hilton Ruiz, Ilan Chester, Paquito Echevarria, Jose Fajardo, Miguelito Valdez, Pupi Campo, Alfredo Rodriguez,и многу други.



ОЛИВЕР ЈОСИФОВСКИ дипломира контрабас и бас-гитара на Академијата за џез во Софија, Бугарија. Негова љубов е контрабасот, а бас-гитарата ја подарил кога ги завршил студиите. Овој наш познат музичар креативно се изразува преку создавањето театарска музика и музика за "Љубојна". Соработува и свири со Георги Шарески, Јордан Костов, Тони Китановски, и е екс член на групата "Фолтин".



ДАМИР ИМЕРИ -дипломиран тромбонист, член во поранешниот биг бенд оркестар на МРТВ и еден од најпознатите аранжери, клавијатурист и композитор во Р.М. Член е на повеќе групи и состави, негувајќи ја џез музиката настапува во многу постави и бендови.

## Dimitar Karamfilov Quartet

ДИМИТАР КАРАМФИЛОВ е роден во 1981 година во Стара Загора. Прв пат настапува на џез сцената во Софија на самиот почеток на неговите студентски денови. Во 2002 година тој присуствува на мастер класа на Милчо Левиев, еден од најистакнатите бугарски џез музичари, кој подоцна го поддржува како



придружен басист на неговите мастер класи. Димитар се појавува на речиси сите џез фестивали во Бугарија и настапува со познати бугарски џез-музичари. Тој има снимано за бугарското национално радио и бугарската национална телевизија. Во моментов Димитар Карамфилов работи како слободен музичар.



ЕМИЛ ТАСЕВ Завршил во Софија џез академија после тоа работи осум години во Финска како професионален музичар. Настапувал во најразлични постави во Хелсинки - Финска и учествувал во снимање како гост на повеќе фински џез музичари.



САШО ПОПОВСКИ - професор по гитара на ФМУ во Штип. Дипломирал во 2005 година на Националната академија за музика "Панчо Владигеров" - поп и џез. 2007 магистрирал на Новиот бугарски универзитет во Софија-џез. 2007 е во магистер класата на Новиот бугарски универзитет - "проф. Милчо Левиев"- џез композиција, аранжман и импровизација.



СТЕФАН ТАСЕВСКИ од Битола има завршено основно и средно музичко образование во Битола во класата на професорот Панде Татарчевски. Добитник е на првите две специјални награди - државни и меѓународни за кларинет. Настапува на повеќе концерти низ Бугарија, заедно со најпопуларните и реномирани музичари. Тој е основач на џез квартетот "Поповски Тасевски Квартет".

## *Dimitri from Çair & T.Kitanovski



ДИМИТРИ ОД ЧАИР (Pikisipi) е еден од основачите и ко-основач на македонската хип-хоп сцена, работи со двете највлијателни Хип Хоп групи во Македонија (Чиста околина и САФ)

Како прв МС и текстописец и покрај неговата настапи во живо со неговите бендови, тој работел како HipHopPromoter / Reprezent.

Настапува заедно со Тони Китановски.



ШТИП ASTIBO ASTIBO BASIC ИРИС Star Pizzeria San Remo Радио ШТИП